**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ПРОГРАМА
## за активностите на општина Ѓорче Петров од областа на земјоделието (земјоделско земјиште) за 2022 година

**Скопје, Декември 2021 година**

**Врз основа на член 22 став 1 точка 13, член 36 и член 62 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр 5/2002), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и**

**дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 5/21), советот на општина на 6-тата на седницата одржана на ден 30.12.2021 година, донесе:**

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на општина Ѓорче Петров од областа на земјоделието (земјоделско земјиште) за 2022 година

## 1. Воведни напомени

**Контролата на каналите за наводнување и одводнување, нивно навремено чистење и обезбедување на доволен доток на вода за време на пролетна и есенска сеидба изработка на регистер на земјоделско земјиште како и број на земјоделски стопанства во општина Ѓорче Петров, враќање на земјоделскот дух кај населението, анализа на почвата и водата за наводнување, организирање на настани со цел запознавање на населението на општината со производителите на земјоделски култури/ винарии во општината, едуцирање на земјоделците, приближување на програмите за финансиска поддршка во земјоделието, субвенции и сл.**

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- **Едуцирање на земјоделците за подобра, поквалитетна и поздрава храна**
- **Добивање на поголеми приходи**
- **Правилно искористување на природните ресурси**
- **Еко туризам**
- **Засадување на шумски дрвја**

## 3. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

1. **Одржување и редовно чистење на каналите за наводнување и одводнување како и санација на оштетените текови на каналите**
2. **Изработка на земјоделски регистар за општина Ѓорче Петров**
3. **Изработка на предлог проекти од областа на земјоделието**
4. **Едукација на земјоделското население преку одржување на трибини/предавања**
5. **Организирање на настани на кои свое претставување ќе имаат земјоделските стопанства од територијата на општина Ѓорче Петров**

## 4. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

| Бр. | Име на проект/активност | Носител | Период на реализација 2022 | Проценет буџет |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Одржување и редовно чистење на каналите за наводнување и одводнување | Сектор за економски одржлив развој | Тековно | 2,000,000.00 |
| 2. | Изработка на земјоделски регистар за општина Ѓорче Петров | Сектор за економски одржлив развој | Март-Мај | 0,00 |
| 3. | Изработка на предлог проекти од областа на земјоделието | Сектор за економски одржлив развој | Тековно | 0,00 |
| 4. | Едукација на земјоделците преку одржување на трибини/предавања | Сектор за економски одржлив развој | Тековно | 0,00 |
| 5. | Организирање на настани за земјоделците на кои ќе присуствуваат овластени верификациски тела за контрола | Сектор за економски одржлив развој | Тековно | 0,00 |
| 6. | Организирање на настани на кои свое претставување ќе имаат земјоделските стопанства од територијата на општина Ѓорче Петров | Сектор за економски одржлив развој во соработка | Тековно | 300,000.00 |
| 7. | Засадување на шумски дрвја | Сектор за економски одржлив развој | Февруари-Мај | 1,000,000.00 |
| | | | Вкупно: | 3,300,000.00 |

## 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надлежен за реализација на оваа Програма со сите Под-програми е градоначалникот и Секторот за економски одржлив развој.

**Градоначалникот се овластува да може да определува приоритети при реализирање на оваа Програма.**

**Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров.**

**Број 08-2326/29**
**Од 30.12.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска**